Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 08/720-1
01.10 20 19 год./viti
Скопје / Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

**Предмет: Пријава за Интернационалниот Саем за туризам "Alpe-Adria – International Tourism and Leisure Show", Љубљана, Словенија**

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ќе учествува на интернационалната саемска манифестација "Alpe-Adria – International Tourism and Leisure Show".

Податоци за саемот:
31st Alpe-Adria – International Tourism and Leisure Show
GR – Ljubljana Exhibition and Convention Centre, Slovenia
29-ти јануари - 1-ви февруари 2020 година
http://www.alpeadria.si/en/

Центарот за изложби и конвенции во Љубљана, Словенија од 29-ти јануари до 1-ви февруари 2020 година ја отвора вратата на 31-от главен туристички саем во Словенија, Алпе-Адрија.
Саемот за туризам и рекреација Алпе Адрија опфаќа широк опсег на туристички содржини и е поделен на четири дела: патување, одмор, екскурзија и активности, а кои се однесуваат на различна и сегментирана публика. Тоа е изложба за патувачи, спортисти, алпинисти, пешаци, активни учесници во рекреација, џогирања, велосипедисти, љубители на спортови во природа.

Зошто да учествувате на саемот?

- Се очекува зголемен број изложувачи, што значи широк спектар на конкуренти од регионот и пошироко, нивни идеи и решенија.
- Се очекува зголемен број на директни посетители заинтересирани за понуда за активен одмор во природа.
- Саемот е можност за ваша презентација, директна продажба и тестирање на вашата понуда.
- Можност за учење, вмрежување, консултации и контактирање со нови трендови

Имајќи го во предвид значаењето на словенечкиот турстички пазар, Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, ќе учествува на овој саем, па согласно тоа, Ве молиме доколку имате интерес за учество на горенаведениот саем, да пополните пријава со потребните документи за закуп на пулт на Интернационалниот Саем за туризам "Alpe-Adria – International Tourism and Leisure Show", Љубљана, Словенија

Според Интерниот правилник на АППТ за начинот и постапката за учество на интернационални саемски манифестации за туризам, право за учество имаат:

- Хотели
- Туристички агенции со лиценца А

- Ресторани
- Општини
- Национални паркови
- Здруженија, асоцијации и комори за туризам
- Винарии
- Компании/институции на покана на АППТ

- **Котизација за саемот изнесува 15.000 денари.**

**Напомена 1**: Учеството на саемските манифестации треба да го потврдите во писмена форма со:
- пополнување на Формуларот кој ви е доставен во прилог на истиот е маил.
-доставување на лиценца А ( за тур. Агенции)
-Тековна состојба од централен регистар на РСМ
Бројот на пултовите е ограничен, затоа ќе се оди по принципот кој прв се пријавил!

**Напомена 2:** Агенцијата за промоција и пооддршка на туризам на Република Северна Македонија е во процес на планирање на Програмата за 2020 год и сеуште не е официјално донесена истата на Влада. Ви напоменуваме дека можни се измени во однос на горенаведеното саемско претставување.

Со почит,

**ДИРЕКТОР**
**Љупчо Јаневски**

Подготвил: Сара Трајковска Костовска
Контролирал: Никола Ѓошев


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk